Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 4

16.02.2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година), донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за престанок на мандат на член на совет на Општина Демир Хисар**

1. Го објавувам Решението за престанок на мандат на член на совет на Општина Демир Хисар донесено на вонредната седница на совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.02.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-208/1 Општина Демир Хисар**
**16.02.2023година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз оснона на член 46 став 1 алинеја 1 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на Р.М” бр.5/02),член 67 став 1 алинеја 1 од Статутот на општина Демир Хисар (,,Сл.гласник на општина Демир Хисар”бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21),како и член 39 став 1 алинеја 1 од Деловникот за работа на Совет на општина Демир Хисар (,,Сл.гласник на општина Демир Хисар”бр.3/02),а по барање на Александра Трајковска од с.Сопотница,советот на Општина Демир Хисар на вонредната седницата одржана на 15.02.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За престанок на мандат на член на совет на општина Демир Хисар**

1.На Александра Трајковска досегашен член на Совет на општина Демир Хисар од листата на советници ВМРО ДПМНЕ и КОАЛИЦИЈАТА ,,ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА” и престанува мандатот од член на совет на општина Демир Хисар сметано од денот на одржувањето на седницата.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

О б р а з л о ж е н и е

Александра Трајковска член на Совет на општина Демир Хисар со функција советник,на ден 02.02.2023 година поднесе писмена оставка до Советот на Општина Демир Хисар заверена со архивски број 17-148/1 согласно член 8 од Изборниот законик на РСМ како и член 44 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

При разгледувањето на оставката се констатира дека наводите се оправдани, па согласно законската регулатива се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Бр.17-189/2 Совет на Општина Демир Хисар**
**15.02.2023година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за финансиска помош од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Република Сирија**

1. Ја објавувам одлуката за финансиска помош од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Република Сирија донесена на вонредната седница на совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.02.2023 година.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-208/2 Општина Демир Хсар**
**16.02.2023годин Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија" бр.2/05), член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општна Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21"), советот на Општина Демир Хисар на вонредната седницата одржана на ден 15.02.2023 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**За финансиска помош за настраданите од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Република Сирија**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува финансиска помош за настраданите од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Република Сирија.

Член 2

Општина Демир Хисар за настраданите од земјотресот ќе упати финансиска помош во вкупен износ од 100.000 денари ,од кои 50.000 денари за настраданите во Република Турција и 50.000 денари за настраданите во Република Сирија.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето ,а ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.17-189/3 Совет на Општина Демир Хисар**
**15.02.2023година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за санација на дел од водоводна мрежа во с.Слепче**

1. Ја објавувам одлуката за обезбедување на финансиски средства за санација на дел од водоводна мрежа во с.Слепче донесена на вонредната седница на совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.02.2023 година.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-208/3 Општина Демир Хсар**
**16.02.2023годин Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија” бр.2/05), член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општна Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21”), советот на Општина Демир Хисар на вонредната седницата одржана на ден 15.02.2023 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**За обезбедување на финансиски средства за санација на дел од водоводна мрежа во с.Слепче**

Член 1

Со оваа одлука се обезбедуваат финансиски средства од страна на Општина Демир Хисар за санација на дел од водоводна мрежа во с.Слепче во износ од 993.218,00 ден.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат исплатени на изведувачот на работите-ЈКП Комуналец Демир Хисар по завршената работа,и извршената контрола од страна на Општина Демир Хисар.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето ,а ќе биде објавена во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.17-189/4 Совет на Општина Демир Хисар**
**15.02.2023година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за дополнување на програмата за донесување на урбанистичките планови во општина Демир Хисар за 2023 година**

1. Ја објавувам Одлуката за дополнување на програмата за донесување на урбанистичките планови во општина Демир Хисар за 2023 година донесена на вонредната седница седница на совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.02.2023 година.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-208/4 Општина Демир Хсар**
**16.02.2023годин Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р**

Врз основа на член 40, став 1 и став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), како и во согласност со член 22 став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа (Сл.весник на Р Македонија бр.5/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.02.2023 год. донесе

**О Д Л У К А**
**За дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови во Општина Демир Хисар за 2023год.**

Член 1

Во членот 4, кој се однесува на изработка на Урбанистички проекти, после точка 8 се додава нова точка која гласи:

1. Да се отпочне со постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на дел од локален пат с.Журче со вклучен армирано бетонски мост на р.Журешница. Проектниот опфат на Урбанистичкиот проек вон опфат на урбанистички плам за изградба на дел од локален пат с.Журче со вклучен армирано бетонски мост на р.Журешница ги опфаќа дел од КП бр. 1368, дел од КП бр. 1369, дел од КП бр. 1370, дел од КП бр. 1371, дел од КП бр. 1372, дел од КП бр. 2351, дел од КП бр. 1191, дел од КП бр. 11190, дел од КП бр. 1402, дел од КП бр. 1404, дел од КП бр. 1407, дел од КП бр. 1408, дел од КП бр. 1409, дел од КП бр. 1410, дел од КП бр. 1444, дел од КП бр. 1412, дел од КП бр. 1418, дел од КП бр. 2363, дел од КП бр. 2367, сите во КО Журче. Површината на проектниот опфат е околу 3611 $м^2$.

Член 2

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2023год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.17-189/5 Совет на Општина Демир Хисар**
**15.02.2023година Претседател**
**Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.**

---------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Решение за престанок на мандат на член на совет на Општина Демир Хисар---------------------------------------------------1
2. Одлука за финансиска помош од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Република Сирија-----------------------------------------------------2
3. Одлука за обезбедување на финансиски средства за санација на дел од водоводна мрежа во с.Слепче------------3
4. Одлука за дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови во Општина Демир Хисар за 2023год.-----------------4-5

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**